Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 41-7551/7 | Претседател на Владата |
| 26 септември 2023 година | на Република Северна Македонија, |
| Скопје | д-р **Димитар Ковачевски,** с.р. |

---

**3548.**

Врз основа на член 30 став (9) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20 и 111/23) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 19 септември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ПОДРАЧЈА И ГРАДБИ ОД ДРЖАВНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА Е - ИНФРАСТРУКТУРА, Е1.13 - ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ (НАД 10 MW) ВО КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП**

Член 1

(1) Со оваа одлука се донесува Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е - инфраструктура, Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани (над 10 MW) во КО Јамуларци и КО Скандалци, Општина Штип.

(2) Составен дел на оваа одлука е Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е - инфраструктура, Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани (над 10 MW) во КО Јамуларци и КО Скандалци, Општина Штип со тех. број У-34/21 од јули 2023 година, изработен од „Студио Атриум“ ДОО - Штип, кој е објавен на веб - страницата на Министерството за транспорт и врски.

(3) Урбанистичкиот план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е - инфраструктура, Е1.13 - површински соларни и фотоволтаични електрани (над 10 MW) во КО Јамуларци и КО Скандалци, Општина Штип се состои од:

- графички дел, кој содржи графички прикази на планските решенија со нумерички показатели,
- текстуален дел, кој содржи цели на Планот, концепт на Планот, услови за развој и градење и одредби за спроведување со нумерички податоци и со билансни показатели и
- составни делови на Урбанистички план,

А) Графичкиот дел содржи:

- ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ
- ИЗВОД ОД УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ…………………........………………...М=1:5000
- АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА……..........……………………...….........М=1:10000
- ПРЕГЛЕДНА СИТУАЦИЈА ..................М=1:10000
- ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ИЗГРАДЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ФОНД, НА ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА СО ОДРЕДЕНА НАМЕНА, СОСТОЈБА, СТРУКТУРА, КАКО И ГРАДБИТЕ ШТО СЕ ВО ФАЗА НА ГРАДЕЊЕ ……………………............М=1:10000
- ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ГРАДБИТЕ И ВОДОВИТЕ ОД ВКУПНА ИЗГРАДЕНА КОМУНАЛНА И ДРУГА ИНФРАСТРУКТУРА.........................М=1:10000
- ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА - ГРАФИЧКИ ДЕЛ
- ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ СО ГРАНИЦИ НА ПОВРШИНИТЕ СО ИСТА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕТО ................ 1:10000
- РЕГУЛАЦИОНЕН ПЛАН СО ГРАФИЧКА ДЕФИНИЦИЈА НА ГРАНИЦАТА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ГРАФИЧКА ДЕФИНИЦИЈА НА РЕГУЛАЦИОНИТЕ ЛИНИИ............................... 1:10000
- ПЛАН НА ПАРЦЕЛАЦИЈА И ОФОРМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИТЕ ПАРЦЕЛИ..................... 1:10000
- ПЛАН НА ПОВРШИНИ ЗА ГРАДЕЊЕ И НАЧИН НА УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕТО....................1:10000
- СООБРАЌАЕН ПЛАН СО ПЛАНСКО РЕШЕНИЕ НА СООБРАЌАЈНАТА МРЕЖА........................ 1:10000
- ИНФРАСТРУКТУРЕН ПЛАН СО ПЛАНСКИ РЕШЕНИЈА НА СИТЕ КОМУНАЛНИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРНИ ВОДОВИ И ОБЈЕКТИ............ 1:10000
- СИНТЕЗЕН ПЛАН ...................................... 1:10000

Б) Текстуалниот дел содржи:

- СОДРЖИНА НА ОПШТА ДОКУМЕНТАЦИЈА
- ДРД НА ИЗВРШИТЕЛОТ
- ЛИЦЕНЦА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ИЗВРШИТЕЛОТ
- РЕШЕНИЕ ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ
- ОВЛАСТУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ
- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ОД ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА
- ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ ОД ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

В) Составни делови на Урбанистичкиот план се:

- УСЛОВИ ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ
- ПОЛНОМОШНО
- ПЛАНСКА ПРОГРАМА

- РЕШЕНИЕ ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПЛАНСКАТА ПРОГРАМА
- ИЗВЕШТАЈ ОД СТРУЧНА РЕВИЗИЈА
- ИЗВЕШТАЈ ПО ИЗВРШЕНА СТРУЧНА РАСПРАВА И ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА
- ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАНА ЈАВНА РАСПРАВА
- ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ И МИСЛЕЊА ОД ЈАВНИ ИНСТИТУЦИИ.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Северна Република Македонија“.

Бр. 41-8599/7
19 септември 2023 година
Скопје

Прв заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Artan Grubi,** с.р.

---

**3549.**

Врз основа на член 30 став 1 алинеи 1, 2 и 6 од Законот за трговија (*) („Службен весник на Република Македонија“ бр.16/04, 128/06, 63/07, 88/08, 159/08, 20/09, 99/09, 105/09, 115/10, 158/10, 36/11, 53/11, 148/13, 164/13, 97/15, 129/15, 53/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.77/21, 215/21, 295/21 и 150/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 септември 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ТРГОВИЈА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ, ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАЈВИСОКИ ЦЕНИ ЗА ОДДЕЛНИ ПРОИЗВОДИ ВО ТРГОВИЈАТА НА МАЛО, КАКО И ОБВРСКА НА ТРГОВЦИТЕ ДА ПРИБАВУВААТ И ПРОДАВААТ ОПРЕДЕЛЕНИ ВИДОВИ И КОЛИЧЕСТВА НА ОДДЕЛНИ СТОКИ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ СПОРЕД ОПРЕДЕЛЕН РЕДОСЛЕД**

Член 1

Во Одлуката за посебни услови за трговија на одделни стоки, определување на највисоки цени за одделни производи во трговијата на мало, како и обврска на трговците да прибавуваат и продаваат определени видови и количества на одделни стоки на потрошувачите според определен редослед („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.195/23), во членот 1 во точката 21) точката и запирката на крајот од реченицата се заменуваат со сврзникот „и“.

Во точката 22) точката и запирката на крајот од реченицата се заменуваат со точка.

Точките 23) и 24) се бришат.

Член 2

Членот 2 се менува и гласи:

„Највисоките цени на производите/стоките од членот 1 точки 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8), 9), 10), 11), 12), 13), 14), 15), 16), 17), 18), 19), 20) и 21) од оваа одлука се утврдуваат на нивото на цените (со исклучок на цените на акциска продажба), кои се применувале на 1 август 2023 година, во трговијата на мало, кои цени се намалуваат најмалку за 10%.

Највисоките цени на производите/стоките од членот 1 точки 1) и 22) од оваа одлука се утврдуваат на нивото на цените (со исклучок на цените на акциска продажба), кои се применувале на 1 септември 2023 година, во трговијата на мало, кои цени се намалуваат најмалку за 10%.“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе се применува до 30 ноември 2023 година.

Бр. 41-9818/3
26 септември 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.

---

**3550.**

Врз основа на член 42 став 4 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.282/22), а во врска со член 49 став 1 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.257/20 и 163/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 септември 2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ ЗА 2023 ГОДИНА**

1.Во Програмата за научно-истражувачката дејност за 2023 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.31/23), табелата „Преглед на распределба на средства за научно-истражувачка дејност за 2023 година“, се менува и гласи: